Национална агенција
за европски образовни
програми и мобилност

**Програма за Доживотно учење - Потпрограма Грундвиг**

**Процедура за одлучување**

Врз основа на одлуката на Европскиот Парламент и Решението за воспоставување на програмата „Доживотно Учење" од 15 Јануари 2006 година (1720/2006/ЕС), Европската Комисија распиша повик за предлог- проекти за програмата „Доживотно Учење" 2009 година (DG EAC/31/08), односно посебен додаток на повикот за Република Македонија и Република Хрватска (DG EAC/31/08 - 2009/C 35/08).

Посебниот повик за предлог проекти беше преведен, прилагоден и објавен на веб страницата на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност (НА). Врз основа на овој документ, беше подготвен Извадок на Посебниот повик за предлог проекти за потпрограмата Грундвиг, за 2009 година.

Во рамките на Посебниот повик за предлог- проекти за потпрограмата Грундвиг, беа објавени можности за учество во следниве акции со соодветни крајни рокови за аплицирање:

| Акција | Рок за аплицирање |
|---|---|
| Обука на работно место | 30.04.2009 за курсеви кои се реализираат во периодот 01.09.-31.12.2009<br>15.09.2009 за курсеви кои се реализираат во периодот 01.01-30.04.2010 |
| Подготвителни посети | Отворен во текот на целата година, не подоцна од 18.12.2009. Пријавите треба да стигнат најдоцна 6 (шест) недели пред започнување на мобилноста. |
| Посети и размени | Отворен во текот на целата година, не подоцна од 18.12.2009. Пријавите треба да стигнат најдоцна 6 (шест) недели пред започнување на мобилноста. |

Вкупниот буџет за поддршка на предлог проекти во потпрограмата Грундвиг за 2009 година е 20200 евра.

- **Прва фаза:** техничка проверка/проверка на квалификуваност. Во предвид се земаат следниве критериуми: соодветен формулар за предлог проект за акцијата за која се аплицира, формуларот за предлог проекти е правилно и целосно пополнет на англиски јазик, формуларот за предлог проект и дополнителните документи се испратени во рамките на предвидените рокови, апликацијата содржи 3 оргинали потпишани од овластено лице на институцијата апликант и заверени со пешат, институцијата апликант е правно лице, апликантот е примен на соодветниот курс или друг настан. Институцијата апликант во фокусот на своето поле на работење треба да го има образованието за возрасни, во најширока смисла. При проверката се користат формати за проценка од Европската Комисија.

- **Втора фаза:** Квалитативна проценка. Во оваа фаза се користат внатрешни капацитети на НА. Апликациите се рангираат според критериуми дефинирани во Водичот за Програмата за Доживотно учење за соодветната акција, и се користат формулари за квалитативна проценка од Европската Комисија.

  Предложените буџети се предмет на проверка од страна на Секторот за правно, финансиско и хоризонтално работење во НА. Проверката се прави според подобноста на соодветни категории на трошоци во програмата за Доживотно учење, како и во однос на акцијата за која се аплицира.

  Пријавите се рангираат според бројот на освоени бодови и за финансирање. За финансирање се предлагаат пријавите кои влегуваат во расположивиот буџет. Останатите пријави кои освоиле над 60 бодови формираат листа на резерви.

- **Трета фаза:** Директорот на НА, во согласност со Водичот за Национални агенции, назначува Евалуационен комитет. Евалуациониот комитет се состои од 3 (три) членови, од кои еден е од НА, еден претставник на Центарот за образование за возрасни и еден претставник на Центарот за стручно образование и обука. Ова тело ја проверува го проверува правилното спроведување на процедурата за одлучување и дава своја конечна препорака за доделување финансиска поддршка на соодветниот проект или одбивање. Оваа одлука се проследува до Директорот на НА.
- **Четврта фаза:** Директорот на НА донесува конечна одлука за доделување на финансиска поддршка на предлог проектите.

## Резултати од Повикот за предлог- проекти за 2009 година

**Акција: Обука на работно место**
*Краен рок за аплицирање: 30.04.2009*

Во рамките на предвидениот краен рок, примени се вкупно 7 (седум) апликации. Од нив 1 (една) апликација е отфрлена заради технички недоследности. Од останатите 6 (шест) апликации, на 2 (две) апликации им беше доделен грант:

| Бр | Бр на проектот | Интитуција | Курс | Земја на престој | Износ на грантот |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | MKLLP-GRU-A.1.4-2009-0004 | Работнички Универзитет „Кочо Рацин“ Скопје | Менаџмент на европски проекти | Италија | 1631 евра |
| 2 | MKLLP-GRU-A.1.4-2009-0005 | ХДЗР „Кхам“ Делчево | Подготовка и менаџирање со европски образовни проекти | Кипар | 1678 евра |
| | | | | **Вкупно** | **3309 евра** |

Вкупно 4(четири) апликации беа поставени на листа на резерви.

*Краен рок за аплицирање: 15.09.2009*

Во рамките на предвидениот краен рок, примени се вкупно 12 (дванаесет) апликации. Од нив 3 (три) апликаци се отфрлени заради технички недоследности, а 1 (една) е одбиена заради недоволен број на бодови при квалитативната проверка. Од останатите 8 (осум) апликации, на 3 (три) апликации им беше доделен грант:

| Бр | Бр на проектот | Интитуција | Курс | Земја на престој | Износ на грантот |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | MKLLP-GRU-A.1.4-2009-0008 | Мултимедија Скопје | Креативност и визуелна комуникација како иновативни алатки за образование на возрасни во заштита на околината и одржлив туризам | Белгија | 1832 евра |
| 2 | MKLLP-GRU-A.1.4-2009-0010 | ЈУ Центар за образование на возрасните | Каде има волја има и начин-Компетенции за решавање на проблеми | Чешка | 1656 евра |
| 3 | MKLLP-GRU-A.1.4-2009-0014 | ЗГ Полио плус-пост полио група за поддршка | Методологии за стручна обука и работна интеграција на лица со хендикеп | Италија | 1908 евра |
| | | | | **Вкупно** | **5396 евра** |

Вкупно 5 (пет) апликации беа поставени на листа на резерви.

Вкупниот доделен буџет за оваа акција за 2009 година изнесува 8705 евра, што претставува искористеност од 95% од вкупниот расположив буџет за акцијата.

## Акција: Посети и размени

Во 2009 година, примени се вкупно 11(единаесет) апликации. Од нив 1 (една) апликација е повлечена од апликантот заради неможност за обезбедување виза, 1 (една) апликација беше отфрлена заради неподобност на предложениот настан за поддршка во рамките на потпрограмата Грундвиг, 2 (две) апликации се повлечени од страна на институциите апликанти заради номинација на друг претставник од истата институција, а (2) две апликации се одбиени заради технички недоследности. Од останатите 5 (пет) апликации, на 4 (четири) апликации им беше доделен грант:

| Бр | Бр на проектот | Интитуција | Настан | Земја на престој | Износ на грантот |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | MKLLP-GRU-A.1.2-2009-0002 | Работнички Универзитет „Пере Тошев“ Прилеп | Набљудување на работно место во НАроден Универзитет Јесеницe | Словенија | 1221 евра |
| 2 | MKLLP-GRU-A.1.2-2009-0003 | Универзитет Трето доба | Посета на саем на Трето доба | Словенија | 924 евра |
| 3 | MKLLP-GRU-A.1.2-2009-0004 | Македонско здружение на образование на возрасни | Учество на 8-ма Европска Конференција за Грундвиг Партнерства за учење | Шведска | 1190 евра |
| 4 | MKLLP-GRU-A.1.2-2009-0004 | Институт за социолошки и политичко-правни истражувања – Центар за развој на менаџмент и човечки ресурси | Конференција за Доживотно учење | Финска | 1254 евра |
| | | | | **Вкупно** | **4589 евра** |

Вкупно 1 (една) апликации беше поставена на листа на резерви.

Вкупниот доделен буџет за оваа акција за 2009 година изнесува 4589 евра, што претставува искористеност од 115% од вкупниот расположив буџет за акцијата.

## Акција: Подготвителни посети

Во 2009 година примени се вкупно 10 (десет) апликации. Од нив 3 (три) апликации се одбиени заради неможност македнски институции да присуствуваат на контакт-семинар во друга земја која не е членка на ЕУ, а 1 (една) апликација е повлечена заради тоа што институцијата апликант веќе има претходно доделен грант во рамките на потпрограмата Грундвиг. На останатите 6 (шест) апликации им беше доделен грант:

| Бр | Бр на проектот | Интитуција | Настан | Земја на престој | Износ на грантот |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | MKLLP-GRU-A.1.1-2009-0002 | Здружение за унапредување на условите за грижа и сместување на стари и изнемогнати лица „Хуманост“ Скопје | Контакт семинар „Вклучување на непривилегираните социјални групи во образованието за возрасни“ | Естонија | 1225 евра |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2 | MKLLP-GRU-A.1.1-2009-0005 | Здружение на граѓани „Сумнал“ Скопје | Контакт семинар „Вклучување на непривилегираните социјални групи во образованието за возрасни“ | Естонија | 1225 евра |
| 3 | MKLLP-GRU-A.1.1-2009-0004 | ХО „Помош за хендикепирани и сиромашни“ Прилеп | Подготвителна посета | Белгија | 1052 евра |
| 4 | MKLLP-GRU-A.1.1-2009-0007 | Агенција за комуникација „Ксантика” ССС Скопје | Контакт семинар „Градење на заедниците, учење во заедниците“ | Унгарија | 835 евра |
| 5 | MKLLP-GRU-A.1.1-2009-0009 | КДС Центар за развој на кадри | Контакт семинар „Градење на заедниците, учење во заедниците“ | Унгарија | 835 евра |
| 5 | MKLLP-GRU-A.1.1-2009-0010 | Општинска установа Народен музеј Свети Николе | Подготвителна посета | Велика Британија | 1395 евра |
| | | | | **Вкупно** | **6567 евра** |

Нема апликации на листата на резерви.

Вкупниот доделен буџет за оваа акција за 2009 година изнесува 6567 евра, што претставува искористеност од 94% од вкупниот расположив буџет за акцијата.

Вкупниот доделен буџет за сите акции во потпрограмата Грундвиг за 2009 година изнесува: 19861 евра, што претставува искористеност од 98.3 % од вкупниот расположив буџет за потпрограмата.